# ПРОГРАМА

## за Прва Спортско-риболовна Лига 2024 дисциплина Пливка категорија Сениори, У-25 и У-20 за Прво и Второ коло

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за Спортско-риболовни натпревари за 2024 година, ја објавуваме програмата за Прво и Второ коло од натпреварите во Првата Лига дисциплина Пливка.

**Организатор на натпреварот**: Македонската Риболовна Федерација и Натпреварувачката комисија за дисциплина Пливка.

**Место на одржување:** Тиквешко Езеро, патека Модри Стени
**Термин:** 13.04.2024 (сабота) – Прво коло
14.04.2024 (недела) – Второ коло

Право на учество во Првата Лига во натпреварувачката 2024 година имаат сите РЗК со една или повеќе екипи, доколку навремено се пријават, ја уплатат годишната членарина и котизација за 2024 година и ги достават сите потребни документи. Краен рок за пријавување е 07. Април 2024 година.

Уплата за котизација и спортски легитимации на:
**Ж-сметка:** 300 0000001910-29 **Депонент:** Комерцијална Банка - Скопје

Сите РЗК што ќе се пријават за учество во Првата Лига во конкуренција Сениори, задолжително мора да пријават и најмалку еден натпреварувач во категориите У-20 или У-25.

Право да пријават свои натпреварувачи за оваа лига, имаат и РЗК кои немаат екипа во сениорска конкуренција, доколку навремено се пријават и ги исполнат пропишаните обврски спрема МРФ. Бројот на натпреварувачи не се ограничува.

За категорија У-25 натпреварувачот во 2024 да не полни повеќе од 24 години, а за категорија У-20 да не полни повеќе од 19 години.

Помлад натпреварувач може да настапи само во една категорија повисоко (У-25 во сениори, У-20 да настапи во У-25 и У-15 да настапи во У-20 категорија). **Доколку натпреварувач од У-15 настапи во категоријата У-20 не го губи правото да се натпреварува на Државното Првенсто за У-15 и Купот Рибарче (може да учествува во својата категорија).**

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач, еден натпреварувач (У-20 или У-25) и 2 (два) капитени на екипата. За утврдување на идентитетот, членовите на екипите задолжително треба да поседуваат Спортски легитимации за 2024 год.

На патеката се активни следните видиви риби: плашица, црвеноперка, карас, крап, сончарка, костреж, клен, попадика и др. Дозволено е да се ловат сите видиви риби без ограничување на големината.

Во натпреварите од Првата лига, нема ограничување на риболовниот прибор и техниките на ловење, освен во категоријата У-20 каде риболовната трска не смее да биде подолга од 11,5 метри.

**Саатница:**
**12.04.2024. (петок)**
**08:00 – 18:00** Официјален тренинг

**13.04.2023 (сабота) Прво коло**
**До 07:30** пристигнување и пријавување на екипите
**07:30 – 08:00** извлекување на стартните позиции
**08:00 – 08:15** свечено отворање на Првата лига
**08:15 – 08:30** пристап до стартните места
**08:30** влегување во стартните места
**09:15** пет минути до контрола на прихраната и мамките
**09:20** контрола на прихраната и мамките
**10:20** тешка прихрана
**10:30** почеток на ловењето риби
**14:25** пет минути до крајот на натпреварот
**14:30** крај на ловењето риби

**14.04.2023 (недела) Второ коло**
**До 07:15** пристигнување и пријавување на екипите
**07:15 – 07:45** извлекување на стартните позиции
**07:45 – 08:00** пристап до стартните места
**08:00** влегување во стартните места
**08:45** пет минути до контрола на прихраната и мамките
**08:50** контрола на прихраната и мамките
**09:50** тешка прихрана
**10:00** почеток на ловењето риби
**13:55** пет минути до крајот на натпреварот
**14:00** крај на ловењето риби

Судиската комисија ќе го одреди потребниот број на судии.

Ви посакуваме богат улов и **БИСТРО!**

**Подготвено од Натпреварувачка комисија – Пливка**
**тел. 070 26 27 28 Претседател,**
**БОРЧЕ ЕЛЕНОВ**